# ДОПОЛНЕТ ПРОТОКОЛ за одржување на Меѓународниот математички натпревар КЕНГУР 2022

Оваа година, Меѓународниот математички натпревар Кенгур 2022 ќе се одржи на 24 март 2022 со почеток во 11 часот во шест категории како и до сега. Но оваа година тоа ќе се направи комбинирано, односно on-line и со физичко присуство, во зависност од условите кои се наложени од ситуацијата со пандемијата CoVid-19, начинот на кој се пријавиле учениците и возраста на натпреварувачите. Затоа, Ве молиме внимателно прочитајте го ова упатство, **пронајдете го делот кој се однесува на Вас и Ве молиме строго да се придржувате до него.** Секако, ако имате нејаснотии, прашања и дилеми, Ве молиме да се обратите на тел. 076/220414 или на email:
kangaroo.macedonia@gmail.com.

**ОДГОВОРНИТЕ НАСТАВНИЦИ СЕ ДЕЛ ОД ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНИОТ НАТПРЕВАР КЕНГУР И ЗА КОЈА ЌЕ ДОБИЈАТ СООДВЕТЕН СЕРТИФИКАТ ЗА УЧЕСТВО НА ОВОЈ НАТПРЕВАР**

**Сертификатот за Државна комисија го добиваат во продолжена рамка на АКРЕДИТАЦИЈАТА која ја имаме за членови на меѓународната асоција KANGAROO SANS FRONTIERES.**

# БИТНО

**Натпреварот може да се одвива и on-line и со физичко присуство, без никакви ограничувања ВО ИСТО ВРЕМЕ кај ист НАСТАВНИК/ПРОФЕСОР.**

## 1.Натпревар КЕНГУР 2022 со физичко присуство

Натпреварувачите кои ќе се натпреваруваат со физичко присуство, за кои има такви услови, и се пријавиле преку пријава од училиштето во кое учат, натпреварот ќе се одвива како и до сега-со физичко присуство. Доколку има ученици од истото училиште кои **не можат** да учествуваат на натпреварот со физичко присуство, одговорните наставници треба да им ги испратат задачите преку меил (за тие учленици важат условите кои се предвидени за on-line натпревар-види точка 2-од овој допис). Одговорниот наставник ќе добие:

**А)**материјали како и претходните години-кутија со материјали.

**Б)**одговорни наставници(членови на државната комија за КЕНГУР 2022), задачите ќе ги добијат во електронска форма, пред самиот почеток на натпреварот (1 час пред натпреварот). Тие се должни да ги умножат и во 11:00 часот да го отпочнат натпреварот со делење на истите на учениците натпреварувачи.

**В)**Одговорите ќе се внесуваат на стандардните ливчиња за одговори(во хартиена форма), кои одговорниот наставник по завршувањето на натпреварот треба да ги достави по пошта на адресата која ќе му биде посочена во материјалите за натпревар. Претходно предметниот наставник мора ливчињата со одговори на учениците **да ги ископира и копиите да ги чува до конечно објавување на ФИНАЛНИ РЕЗУЛТАТИ од НАТПРЕВАРОТ**(по потреба може од него да

бидат побарани;ова е само безбедносна мерка; секогаш се појавува проблем на изгубени ливчиња).

**Г)**Одговорите треба/мора да се испратат и преку google-forms, преку линкот кој ние ви го препратиме.

## 2.Натпревар КЕНГУР 2021 - on-line со наставник-ментор на ученикот

За групна пријава на група ученици кои ги пријавува наставник-ментор, без разлика дали е преку училиште или не, за кои не постојат услови да се натпреваруваат со физичко присуство преку училиштето во кое учат, односно кои што ќе се натпреваруваат on line, потребно е да имаат пред себе компјутер и интернет мрежа. Одговорниот наставник:

А)Наставникот ментор мора да формира група на својот Microsoft times, исто како за обичен наставен тест во редовната настава, и за време на натпреварот својата група ученици да ја контролира.

Б)Ќе ги добие задачите на mail (најмногу 1 час шред почетокот на натшпаварот) со кој ја пријавил својата група ученици и е должен да ги достави до своите ученици исто така на mail, во соодветно време(во 10:55 часот или малку пред тоа).

В) Заедно со задачите, наставникот ментор ќе добие линк за Google forms за внесување на одговорите кој што линк треба да го сподели со своите натпреварувачи.

Г)Истата форма мора да се препрати до нас со кликање, после пополнување на одговорите од страна на учениците, на копчето SUBMIT.

Д) Наставникот ментор е одговорен за придржувањето на условите на одржување на натпреварот за својата група натпреварувачи и е должен доследно да ги спроведува истите.

Ѓ)Сноси одговорност за доставување на точните задачи и форма за одговори до секој натпреварувач од неговата група.

Е)Овие натпреварувачи, заради безбедност во натпреварот, мора да поплнат и ливче со одговори во ХАРТИЕНА ФОРМА и истото да го достават до својот предметен наставник(во хартиена форма или во електронска форма; ова е само безбедносна мерка; секогаш се појавува проблем на изгубени ливчиња или лошо испратен меил), кој е одговорен за натпреварот.

## 3.Натпревар КЕНГУР 2021 -on line со родтел-старател на ученикот

За индивидуални пријави, каде што родител го пријавува своето дете (едно или повеќе) улогата на наставникот-ментор од точка 2 ја презема родителот-старател кој ја поднел пријавата и за него важи истото што е наведено во точка 2.

## 4.Натпревар КЕНГУР 2021 за полнолетни граѓани

Ако натпреварувач кој е полнолетен сам се пријавил на натпреварот, тој на својот mail со кој се пријавил ќе ги добие задачите и линк до формата за одговори 10-15 минути пред почетокот на натпреварот. За него важат сите услови од точка 2 од овој допис.

## 5.Важни соопштенија за on-line натпревар КЕНГУР 2021

**Важно за сите натпреварувачи што се натпреваруваат on-line: за секоја категорија, формата за одговори е различна**. Ве молиме да проверите дали е онаа наменета за Вашата категорија, па потоа да пополнувате. Исто така важно е и следното: за да завршите со натпреварот(1 час и 15 минути од добивањрто на материјалите), **треба да кликнете на полето Submit/Испрати на крајот на формата. Тоа треба да го направите најмногу 40 минути по завршување на вашето решавање на задачите. Потоа нема да може да се вратите назад за да направите корекција на одговорите**. Штом еднаш кликнете на полето Submit, натпреварувањето за тој натпреварувач **е завршено**.

**Многу важно:** личните податоци во формата за одговори мора да се идентични како оние што се наведени во пријавата за натпреварот.